# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е одговорна институција за целосно, навремено и точно спроведување на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, преку воспоставен ефикасен, ефективен и економичен систем за административна контрола и управување. Во контекст на воспоставената мисија, менаџментот ги воспоставува стратешките цели и приоритети.

Со исполнувањето на стандардите и применувањето на системот за менаџмент со квалитет- ИСО 9001:2015 во работењето, се создадоа услови за подобрување на управување на процесите и управување на човечките ресурси, како и зголемување на продуктивноста во работењето со што се обезбедува современо опкружување во кое крајните корисници на поедноставен и полесен начин ќе ги остварат правата на користење на финансиска поддршка во областа на земјоделството и руралниот развој. Создадовме нова клима во работењето на државниот сектор, која подразбира квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите.
Во остварување на своите надлежности, Агенцијата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон крајните корисници: земјоделските стопанства и други правни и физички лица, меѓународните партнери, јавните претпријатија, државните институции, вработените и целата општествена заедница.

За таа цел, Агенцијата овозможува ефективен систем за менаџмент со квалитет, ориентиран кон:

- спроведување на мерките за директните плаќања во земјоделството преку постојано обезбедување на финансиска помош на земјоделските стопанства;
- спроведување на мерките за рурален развој;
- спроведување на мерките за рибарство и аквакултура;
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството;
- спроведување на мерките од програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје;
- спроведување на мерките од програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност;
- спроведување на мерките од програмата за органско производство;
- зголемување на квалитетот на услугите кон крајните корисници како и зголемување на нивното задоволство преку исполнување на нивните барања и очекувања;
- овозможување на финансиска помош за рурален развој во рурални подрачја во Република Северна Македонија, а со тоа и подобрување на животниот стандард на населението во тие подрачја и развој на општините;
- подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија;
- постојано унапредување на знаењата и вештините на вработените преку обуки и работилници;
- целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард за квалитет ИСО 9001:2015;
- разбирање на контекстот на институцијата;
- размислување базирано на ризиците и можностите;
- перцепциите на засегнатите страни;
- постојано подобрување на погодноста, адекватноста и ефективноста на системот за менаџмент со квалитет;
- постојано информирање на јавноста преку веб страната: http://www.ipardpa.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Бр./Nr. 02-1895/3
28-05-2025 viti 20 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

ДИРЕКТОР

Илија Стоилев

Верзија 06 од 23.05.2025 година